# Службен гласник

## на Општина Кавадарци


| Број 78 | 30.07.2021 година |
|---|---|


СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| Решение за објавување на Одлука за донесување на Детален урбанистички план за дел од УЕ 5, Блок 5.9, „Вељко Влаховиќ„ КО Кавадарци 2, Општина Кавадарци, со плански период (2019-2024);<br>Годишен Извештај за реализација на Годишната Програма за работа на СОУ Гимназија “Добри Даскалов” Кавадарци за учебната 2017/2018Годишен Извештај за реализација на Годишната Програма за работа на СОУ Гимназија “Добри Даскалов” Кавадарци за учебната 2017/2018; | 2 |
| Одлука за донесување на Детален урбанистички план за дел од УЕ 5, Блок 5.9, „Вељко Влаховиќ„ КО Кавадарци 2, Општина Кавадарци, со плански период (2019-2024); | 3 |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20, 75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

## Р Е Ш Е Н И Е
за објавување
Одлука за донесување на Детален урбанистички план за дел од УЕ 5, Блок 5.9, „Вељко Влаховиќ„ КО Кавадарци 2, Општина Кавадарци, со плански период (2019-2024)

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за донесување на Детален урбанистички план за дел од УЕ 5, Блок 5.9, „Вељко Влаховиќ„ КО Кавадарци 2, Општина Кавадарци, со плански период (2019-2024) , донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 30.07.2021 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-.4706/1** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.07.2021 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Република Македонија„ бр.5/2002), член 41 точка 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (”Сл.весник на РМ” бр.199/14....168/18), член 20 став 3 од Закон за урбанистичко планирање(„Сл.Весник на РСМ„ бр.32/20) член 132 став 1од Статутот на Општина Кавадарци („Службен Гласник на Општина Кавадарци„бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20),

Советот на Општина Кавадарци на 16-тата Вонредна седница, одржана на ден 30.07.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за донесување на Детален урбанистички план за дел од УЕ 5, Блок 5.9, „Вељко Влаховиќ„ КО Кавадарци 2, Општина Кавадарци, со плански период (2019-2024)**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Кавадарци донесува Детален урбанистички план за дел од УЕ 5, Блок 5.9, „Вељко Влаховиќ„ КО Кавадарци 2, Општина Кавадарци, со плански период (2019-2024).

Документацијата за донесување на Детален урбанистички план за дел од УЕ 5, Блок 5.9, „Вељко Влаховиќ„ КО Кавадарци 2, Општина Кавадарци, со плански период (2019-2024), е изработена во согласност член 123 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (”Службен весник на РМ” бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), член 27 од Закон за урбанистичко планирање(„Сл.Весник на РСМ„ бр.32/20),Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ” бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), и Правилник за поблиска содржина, форма и начин на обработка на ГУП, ДУП, УПС, УПВНМ, Регулациски план на ГУП, формата, содржината и начинот на обработка на Урбанистичко плански документации и Архитектонско-урбанистички проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура (Службен весник бр.142/15).

**Член 2**

Просторот за кој се донесува Детален урбанистички план за дел од УЕ 5, Блок 5.9, „Вељко Влаховиќ„ КО Кавадарци 2, Општина Кавадарци, со плански период (2019-2024), е со вкупна површина од 5.38 ха.

**Член 3**

Составен дел на оваа одлука е :

-Текстуален дел и графички приказ на планските решенија, како и нумерички дел со билансни показатели за планираните површини и градби за донесување Детален урбанистички план за дел од УЕ 5, Блок 5.9, „Вељко Влаховиќ„ КО Кавадарци 2, Општина Кавадарци, со плански период (2019-2024).

Согласност од Министерството за транспорт и врски бр.24-5412/3 од 26.07.2021 година .

**Член 4**

Одлуката за донесување Детален урбанистички план за дел од УЕ 5, Блок 5.9, „Вељко Влаховиќ„ КО Кавадарци 2, Општина Кавадарци, со плански период (2019-2024), ја потпишува и заверува Претседателот на Советот на Општина Кавадарци.

**Член 5**

Со прикачување во електронска форма на Детален урбанистички план за дел од УЕ 5, Блок 5.9, „Вељко Влаховиќ„ КО Кавадарци 2, Општина Кавадарци, со плански период (2019-2024), истиот станува составен дел на електронскиот регистар на донесени урбанистички планови во рамки на информацискиот систем е-урбанизам со бр.на постапка 26102.

**Член 6**

Општина Кавадарци - Детален урбанистички план за дел од УЕ 5, Блок 5.9, „Вељко Влаховиќ„ КО Кавадарци 2, Општина Кавадарци, со плански период (2019-2024), ке го објави во електронска форма на својата WEB страна .

**Член 7**

Оваа Одлука ја спроведува Секторот за комунално уредување, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина при Општина Кавадарци.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-4738 /1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.07.2021 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**